РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2017 година

# СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 3

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 4

Инфлација ........ 5

Берзански цени ........ 6

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ........ 7

Увоз ........ 8

Салдо на трговска размена ........ 9

Валутна структура ........ 9

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ........ 10

Буџетски расходи ........ 11

Буџетско салдо ........ 12

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ........ 12

Плати ........ 13

Пензии ........ 14

5. Монетарен сектор

Примарни пари ........ 14

Депозитен потенцијал ........ 15

Кредити на банките ........ 16

Каматни стапки на депозитни банки ........ 16

Пазар на капитал ........ 17

Девизни резерви ........ 17

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2017 година

- Индустриското производство во јануари 2017 година во споредба со јануари 2016 година забележа пад од 2,6%;

- Потрошувачките цени во јануари 2017 година се зголемија за 0,6% во однос на јануари 2016 година, по годишниот пад од 0,2% во декември 2016 година;

- Во јануари 2017 година извозот забележа раст од 12,1%, а увозот за 23,2%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 71,8%, споредено со јануари 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2017 година изнесуваа 12.585 милион денари, што претставува помало остварување за 2,6% во однос на јануари 2016 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 14.723 милиони денари, што е за 0,8% повеќе во однос на истиот месец 2016 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 0,6% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 6,7%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Во јануари 2017 година индустриското производство забележа пад од 2,6% во споредба со јануари 2016 година. Анализирано по сектори, раст е забележан единствено во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 10,6%, додека во секторите Рударство и вадење камен и Преработувачка индустрија е забележан пад од 7,2% односно 3,6%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јануари 2017 година има гранката Производство на машини и уреди (2,4 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на облека (-2,1 процентен поен).

Податоците за индустриското производство по наменски групи во јануари 2017 година во однос на јануари 2016 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 20,9%, Капитални производи од 7,4% и Енергија од 6,1%. Намалување на производството е забележано кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 11,3% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,8%.




## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јануари 2017 година забележа раст од 0,4%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторите Рударство и вадење камен од 1,2% и Преработувачка индустрија од 0,4%. Во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 0,7%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 5,5%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,3%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,4% и Енергија од 0,6%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,2%.




## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2017 година е речиси на еднакво ниво како и во декември 2016 година, а многу поповолна во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари изнесува 65,5%, што претставува намалување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 66,6%. Споредено со јануари 2016 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,0 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јануари 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 23,0%, недоволната домашна побарувачка со 20,6%, недостигот на квалификувана работна сила со 17,5%, неизвесното економско окружување со 10,6%, финансиските проблеми со 9,7% и конкурентниот увоз со 6,8%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари во однос на претходниот месец е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се поповолни во однос на декември 2016 година, додека залихите на готови производи се зголемени во однос на претходниот месец.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2017 година издадени се 368 одобренија за градење, што претставува раст од 39,9% споредено со јануари 2016 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 333 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се зголемил за 10,5%. Предвидената вредност на



објектите според издадените одобренија за градење во јануари бележи раст од 69,2% споредено со истиот месец 2016 година. На месечно ниво, вредноста на објектите се намалила за 29,2%. Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 226 (или 61,4%) се наменети за објекти од високоградба, 41 (или 11,1%) за објекти од нискоградба и 101 (или 27,5%) за објекти за реконструкција.




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 368 издадени одобренија за градба, на 248 објекти (или 67,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 120 објекти (или 32,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јануари 2017 година предвидена е изградба на 503 станови, со вкупна корисна површина од 47.421 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на декември 2016 година е зголемен за 20,0%, а во однос на јануари 2016 година за 57,7%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари 2017 година се зголемија за 0,6% во однос на јануари 2016 година, по годишниот пад од 0,2% во декември 2016 година.




Највисок годишен раст на цените во јануари 2017 година е забележан во категоријата Транспорт од 6,3%, следен со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,6%, Облека и обувки од 2,2%, Ресторани и хотели од 2,0%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,7%, Комуникации од 1,3% и Рекреација и култура и Безалкохолни пијалаци од по 0,3%.

Највисок годишен пад на цените во јануари 2017 година забележаа прехранбените производи од 1,1%, при што највисок пад имаа цените на маслото (за 5,4%) и овошјето (за 2,6%).

Годишен пад на цените во јануари е регистриран и во категориите: Здравје од 0,8% и Домување, вода, електрика, гас и други горива и Образование од по 0,2%.

Потрошувачките цени во јануари 2017 година се зголемија за 0,6% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Транспорт од 3,7%, Ресторани и хотели од 1,3%, Храна и безалкохолни пијалаци од 0,8%, Комуникации од 0,5%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,3% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Рекреација и култура од по 0,1%.

Намалување на цените е забележано во категориите: Здравје од 1,0% и Облека и обувки од 0,6%, додека цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива, Образование и Останати стоки и услуги останаа непроменети.

Придонеси кон годишната стапка на инфлација (во п.п.); Извор: Пресметки на МФ врз основа на податоци од ДЗС




Цените на мало во јануари 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 1,5%, односно за 1,1% споредено со претходниот месец.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2017 година споредено со претходниот месец се зголеми за 1,5% и изнесуваше 54,9 долари за барел. Во однос на јануари 2016 година, цената на нафтата бележи раст од 78,2%. Цената на природниот гас во јануари, споредено со декември 2016 година, се намали за 5,5%.

Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ



Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во јануари 2017 година се тргуваше со просечна цена од 9.975 долари за еден метрички тон ($/мт) и на месечна основа бележи пад на цената од 9,1%. Во споредба со истиот месец претходната година, цената на никелот пораснала за 17,3%. Покрај никелот, месечно намалување на цената во јануари забележа и калајот од 2,2%, додека останатите основни метали забележуваат раст на цената на месечна основа. Така, цената на алуминиумот се зголемила за 3,6%, на цинкот за 1,6%, на бакарот за 1,5% и на оловото за 1,2%.

Во јануари, благородните метали забележаа зголемување на цените на месечна основа. Така, цената на платината се зголемила за 5,7%, на златото за 3,0% и на среброто за 2,9%.




Цената на пченицата на светските берзи во јануари, споредено со претходниот месец, се зголеми за 8,0%, а на пченката за 4,9%. Цената на јагнешкото месо во јануари се намали за 1,2% на месечна основа.

# НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно - трговска размена во јануари 2017 година изнесува 759,4 милиони евра, што претставува раст од 18,2% во однос на истиот месец минатата година.




Во јануари 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 69,3%, што претставува намалување од 4,4 п.п. во однос на јануари претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2017 година изнесува 323,2 милиона евра и бележи раст од 12,1% (34,9 милиони евра) во однос на јануари претходната година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 2,3%.

Анализирано на месечно ниво, извозот во јануари 2017 година бележи пад од 19,5% (78 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 3,5%.







Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во јануари 2017 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 51,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во јануари 2017 година споредено со истиот месец од 2016 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има само кај групацијата Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 12,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 11,1%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 84,7% и 8,6% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во јануари 2017 година изнесува 436,2 милиона евра и бележи раст од 23,2% (82,1 милион евра) во однос на истиот месец минатата година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 7,2%.




Анализирано на месечно ниво, увозот во јануари 2017 година бележи пад од 26,4% (156,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 2,1%.

Табела 1. Преглед на извозот и на увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2016 | I - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 4,0 | 8,6 | 4,6 | 114,1 |
| Мил. ЕУР | 1,6 | 3,9 | 2,4 | 149,9 |
| Мил.$ | 1,7 | 4,2 | 2,5 | 144,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2016 | I - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 64,9 | 58,9 | -5,9 | -9,2 |
| Мил. ЕУР | 18,7 | 28,3 | 9,7 | 51,8 |
| Мил.$ | 20,3 | 30,1 | 9,8 | 48,4 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2016 | I - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 0,8 | 1,2 | 0,3 | 39,1 |
| Мил. ЕУР | 58,5 | 75,5 | 17,0 | 29,1 |
| Мил.$ | 63,6 | 80,4 | 16,8 | 26,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2016 | I - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,5 | 1,4 | 0,0 | -1,8 |
| Мил. ЕУР | 9,5 | 12,8 | 3,3 | 34,9 |
| Мил.$ | 10,3 | 13,6 | 3,3 | 32,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2016 | I - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 39,9 | 43,8 | 3,9 | 9,7 |
| Мил. ЕУР | 26,0 | 27,6 | 1,6 | 6,1 |
| Мил.$ | 28,3 | 29,4 | 1,1 | 3,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2016 | I - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 50,1 | 24,2 | -25,9 | -51,7 |
| Мил. ЕУР | 17,6 | 11,6 | -6,0 | -34,1 |
| Мил.$ | 19,2 | 12,3 | -6,8 | -35,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2017 година, трговскиот дефицит се зголеми за 71,8% односно 47,3 милиони евра споредено со јануари минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на проширувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци, индустриски набавки и горива и мазива, како и на намалување на позитивното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка.

Во јануари 2017 година 88,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Јужна Африка и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Русија, Италија, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Белгија, Чешка, Бугарија и Шпанија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86% од трговската размена во јануари 2017 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2016 година претставува зголемување од 1,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,2% и 81,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за

0,1 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 2,8 п.п. во однос на јануари 2016 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - 2016 | | | | | I - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 180,0 | 278.600.655 | 61,6426 | 17.173.668.741 | 78,7 | 214,5 | 355.338.968 | 61,5349 | 21.865.747.845 | 81,4 | 76.738.313 | 27,5 |
| УСД | 124,5 | 77.651.172 | 56,7501 | 4.406.711.758 | 20,2 | 68,1 | 82.257.428 | 58,0244 | 4.772.937.921 | 17,8 | 4.606.257 | 5,9 |
| ГБП | 0,4 | 1.095.993 | 82,0439 | 89.919.548 | 0,4 | 0,4 | 1.374.595 | 71,4684 | 98.240.114 | 0,4 | 278.602 | 25,4 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 304,9 | | | 21.670.300.048 | 98,9 | 283,1 | | | 26.736.925.880 | 99,6 | | |
| вк извоз: | 305,7 | | | 21.830.833.480 | 100,0 | 283,8 | | | 26.846.584.203 | 100,0 | | 23,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2017 година изнесуваа 12.585 милиони денари, односно 2,1% од БДП, што претставува помало остварување за 2,6% во однос на истиот месец 2016 година.

Даночните приходи во јануари се реализирани во износ од 7.511 милион денари, односно 1,2% од БДП и во однос на истиот месец 2016 година се зголемени за 1,6%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 4.207 милиони денари и забележаа зголемување од 0,8% во однос на лани, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 56,0%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува повисоко остварување за 18,8% додека ДДВ од прометот во земјата забележува намалување од 4,9%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа зголемено остварување за 404,6%. Акцизите се остварени во износ од 1.286 милиони денари, што претставува намалување во однос на минатата година за 11,2%, со учество од 17,1% во даночните приходи. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 5.493 милиони денари, односно 73,1% од вкупните даночни приходи (0,9% од БДП).

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 1.028 милиони денари и забележуваат раст од 11,4% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 65,3% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,5% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,9% од приходи по основ на договор на дело, 6,6% од приходи од капитал и 4,7% од приходи од имот и

имотни права. Приходите од данокот од добивка во јануари 2016 година изнесуваа 606 милиони денари и забележаа зголемување од 24,7% во однос на истиот месец претходната година.

Приходите од царина беа остварени во износ од 346 милиони денари и забележаа зголемување од 10,9%. Приходите од други даноци со остварен износ од 38 милиони денари забележаа помало остварување за 25,5% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 3.651 милион денари, што претставува поголемо остварување за 8,6% споредено со истиот месец 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 9,5%, кај придонесите за вработување за 7,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 6,7%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 1.125 милиони денари и во однос на истиот месец минатата година забележаа пад од 17,5% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 65 милиони денари, што претставува намалување од 85,7% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 161 милион денари, односно за 28,4% помалку во однос на истиот месец лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2017 година изнесуваа 14.723 милиони денари, односно 2,4% од БДП, што е за 0,8% повеќе во однос на истиот месец 2016 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 13.420 милиони денари учествуваа со 91,1% (учество од 2,2% во БДП) и се намалени за 2,4% во однос на истиот период минатата година.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 2.170 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,7% и во однос на 2016 година се зголемени за 2,9%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 825 милиони денари и споредено со истиот период лани забележаа намалување од 27,0%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 9.564 милиони денари (1,6% од БДП). Средствата за трансфери забележаа намалување од 2,0% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 65,0% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 4.766 милиони денари, се намалија за 7,1%, споредено со истиот месец претходната година и учествуваат со 32,4% во вкупните расходи.

Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 11,8%, односно забележаа намалување од 6,2%, споредено со истиот период 2016 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.262 милиона денари забележаа зголемување од 0,6%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 31,3% помалку.

Каматните расходи изнесуваат 861 милион денари, што е за 15,0% повеќе во споредба со истиот период 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 38,5%, додека од странско задолжување беа зголемени за 5,9%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 1.303 милиони денари со структурно учество од 8,9% во вкупните расходи (0,2% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 52,2% во споредба со истиот месец лани.

## Буџетско салдо

Во јануари 2017 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 2.138 милиони денари, што претставува 0,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 1.686 милиони денари и претставува 0,3% од БДП.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во јануари 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 13.515 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 19,8% во однос на истиот период од 2016 година.

Од вкупниот број нововработени, 37,1% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јануари 2017 година 19,2% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 201.704, од кои 104.958 се активни баратели на работа, а 96.746 се останати невработени

лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 5,2%.

Најголем дел од невработените лица (67,0%) се градско население, а според половата структура 58,7% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,7% од невработените, се со непотполно средно образование или помалку, 29,7% се со завршено средно образование, додека 14,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.




По возрасни групи, најголемиот дел или 54,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 53,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2016 година оствари годишен раст од 3,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 4,8%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (55,8%), Информации и комуникации (9,6%) и Градежништво (7,7%). Реалните плати во декември забележаа годишен раст од 3,5%.







Просечната номинална бруто-плата во декември 2016 година оствари годишен раст од 3,2%, а во однос на претходниот месец е повисока за 4,6%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (45,1%), Информации и комуникации (9,8%) и Градежништво (8,2%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 3,4%.

Процентот на вработени што не примиле плата во декември 2016 година изнесува 1,6% и е за 0,3 п.п. повисок во однос на истиот месец претходната година, а е за 0,2 п.п. повисок во однос на ноември 2016 година.

## Пензии

Во јануари 2017 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 304.464 пензионери, што претставува зголемување од 1,9% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 1302 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,4% се корисници на старосна пензија, 25,1% се корисници на семејна пензија и 12,5% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јануари 2017 година изнесува 13.695 денари и е за 4,7% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,5%.

Просечната старосна пензија во јануари изнесува 15.024 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.425 денари, а просечната семејна пензија 11.032 денара. За исплата на пензиите во јануари 2017 година се потрошени 4.101,42 милиона денари, што претставува 53,0% од вкупните социјални трансфери.



# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во јануари 2017 година, Народна банка на Република Македонија повторно ја намали основната каматна стапка за дополнителни 0,25 п.п, од 3,75% на 3,50%, откако и претходно ја намали во декември 2016 година. Ваквото намалување се должи на натамошното стабилизирање на очекувањата на економските субјекти и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.




Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во јануари 2017 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 6,6% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 10,6% и 2,7%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 1,0%, како резултат на намалувањето на готовите пари во оптек од 3,1%, додека вкупните ликвидни средства на банките се зголемија за 1,4%.

## Депозитен потенцијал

Во јануари 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 4,5%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,3%.




Од аспект на валутата, во јануари 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се намалија за

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

1,8%, а депозитите во странска валута се зголемија за 1%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2017 година оствари раст од 6,7% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и странска валута забележаа раст од 4,7% и 9,7%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 2,9% на годишно ниво, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 15,6%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,1%, а долгорочните депозити за 5,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,2%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2017 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **319772** | **-0,7%** | **6,7%** |
| Денари | *185950* | -1,8% | 4,7% |
| Странска валута | *133822* | 1% | 9,7% |
| Краткорочни | *154693* | 0,4% | 5,1% |
| Долгорочни | *86664* | 1,1% | 5,8% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **278007** | **-1,6%** | **0,6%** |
| Денари | *228923* | *-1,5%* | 3,7% |
| Странска валута | *49084* | -2,1% | -11,5% |
| Краткорочни | *61497* | -5% | -1,1% |
| Долгорочни | *196760* | -0,6% | 8,6% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *18230* | 0,2% | -39,5% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките

Во јануари 2017 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 1,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во јануари кредитите кон претпријатијата се намалија за 3,2%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,3%. Од аспект на валутата, во јануари 2017 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити регистрираа пад од 1,5% и 2,1%, соодветно.

На годишна основа, во јануари 2017 година вкупните кредити се зголемија за 0,6%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 4,6% и раст на кредитите кон домаќинствата од 7,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 3,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 11,5%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,6%, а краткорочните кредити се намалија за 1,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,2% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредити остана непроменета на месечно ниво и изнесува 6,4%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец и изнесува 5,1%.




Вкупната каматна стапка на депозитите во јануари изнесува 1,7% и е намалена за 0,1 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесува 2,4%, а каматната стапка на девизните депозити остана непроменета на месечно ниво и изнесува 1%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јануари 2017 година регистрираше пад од 10% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување и прометот од блок трансакциите за 0,8% и 34,8%, соодветно.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2017 година изнесуваше 279 милиони денари што претставува зголемување за 13,9% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јануари 2017 година изнесуваше 2.230,32 индексни поена, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 4,5%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 21,6%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2017 година изнесуваа 2.557,1 милион евра и во однос на претходниот месец се намалени за 56,3 милиони евра, додека во однос на јануари 2016 година се зголемени за 310,3 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk